ЛУКОЙЛ
НАФТЕНА КОМПАНИЈА

**ЛУКОИЛ Македонија ДООЕЛ Скопје**

Бр. 1703/69-1/2019
Дата 13.08.2019

Консултантски компании

Почитувани,

Во согласност со интерен Правилник за спроведување на постапка за набавки на стоки и услуги, Ве молиме да ни доставете комерцијална понуда за даночна ревизија за 2019-2020 години. Рок на траење на договорот изнесува две години. Понудите Ве молиме да ги доставувате во затворени пликови на адреса: бул. Партизански одреди бр.18, 1000 Скопје, со назнака „Тендер за даночна ревизија„. Во понудите потребно е да наведите план за извршување на ревизија со спецификација на работни часови, цена по час и вкупна сума за секоја година. (Според наше искуство потребно време за извршување на ревизија е 1 работна недела). Извештајот за извршена ревизија се доставува во писмена форма не покасно од 20.02.2020 и 20.02.2021.

Предмет на даночна ревизија -проверка на точноста и правилноста на пресметка на даночни обврски, искажани во даночни пријави и деловни книги на претпријатието, идентификување и намалување на даночни ризици, почитување на законски прописи од областа на даноците. Консултантска компанија е должна да изврши увид во документацијата на компанијата: фактури, пресметки, договори според одредениот примерок со цел проверка на точноста на пресметка на даноците:

1. Данок на добивка , односно усогласеност со локална легислатива:

–ревизија на сите трошоци на претпријатие од аспект на нивно признавање за цели на оданочување, преглед на фактури по видови на трошоци,

-преглед на даночен биланс, коректноста на искажување на ставките во него,

2. Задржан данок:

-преглед на сите исплати спрема странски лица во тековна година од аспект на нивен третман како предмет на задржан данок,

-контрола на точноста внесените податоци во даночна пријава за задржан данок.

3. Данок на додадена вредност:

-контрола на влезен промет оданочив со ДДВ, примена на одбивка на претходен данок,

-контрола на излезен промет оданочив со ДДВ, примена на повластени даночни стапки,

-контрола на примена на reverse-charge механизам, даночни олеснувања,

-контрола на ДДВ пријави со прилози.

4. Акциза:

-контрола на точноста на пресметана акциза и искажување на податоци во акцизни пријави.

5. Персонален данок на доход и придонеси:

-преглед на сите видови исплати спрема вработени и физички лица од аспект на пресметка на персонален данок и придонеси,

-контрола на годишна даночна пријава за исплатени приходи на физички лица.

Ве молиме да ги доставете понудите во затворен плик најкасно до 29.08.2019. Ви стоиме на располагање за сите дополнителни прашања.

Иницијатор на тендер
Н.Крепскаја
тел.+38923293029
mail nkrepskaja@lukoil.com.mk